**СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИТЕ**

## Нова процедура за закажување интервју за не-имигрантска виза

Започнувајки од 1-ви август 2004 година, Амбасадата на САД во Скопје нема повеке да закажува интервјуа за не-имигрантски визи преку телефон.
Под не-имигрантските визи се подразбираат сите студентски, бизнис и туристички визи. Апликантите може да закажат на еден од следниве начини:

1) на факс 02/321-3767 да испратат барање за интервју за виза,
   - одговорот ке биде испратен по факс.

2) да испратат барање за интервју на е-маил адресата consularskopje@state.gov .
   - одговорот ке биде испратен по е-маил.

3) да испратат барање по пошта на следнава адреса,
   *Американска Амбасада*
   *Конзуларно Одделение*
   *бул. Илинден бб*
   *1000 Скопје*
   - одговорот ке биде испратен по пошта.

Кога барате да ви се закаже интервју за не-имигрантска виза, ве молиме напишете ги следниве информации:
- полно име на апликантот,
- цел на патувањето,
- датум на паутвањето и контакт податоци (број на факс, е-маил адреса или поштенска адреса).

Ако го испратите барањето за интервју по пошта, во пликот ставете и друг плик адресиран на ваша адреса со марка, за да можеме да ве известиме за времето и датумот на вашето интервју.

Доколку сакате да закажете интервју на одреден датум или во одредено време, наведете го и тоа во барањето. Сепак, ве информираме дека Амбасадата закажува интервјуира за не-имигрантски визи само во понеделник, среда и петок, и тоа претпладне. Барањата за интервју треба да бидат испратени 4 до 6 недели пред патувањето во САД, особено ако го праќате барање по пошта.

За дополнителни информации, посетете ја веб страницата на Амбасадата на http://skopje.usembassy.gov